Бр. 09-15/

Врз основа на член 6, член 30 и член 42 од Законот за заштита на конкуренцијата од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ“ бр.145/10, 136/11, 41/1453/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.208/24 и 16/25), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата во состав: М-р. Борче Размоски–претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Никола Трајчевски и Valon Elezi-членови постапувајќи во постапка поведена по службена должност со Заклучок ПП бр. 09-15/13 од 20.02.2025 година против Сојуз на стопански комори на Македонија, со седиште на Црвена Скопска Општина бр.10, Скопје, застапувано од адвокат Анита Бегова, Друштво за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр.16-1/мансарда 1 Скопје застапувано од адвокат Д-р. Валентин Пепељугоски, Друштво за трговија на мало и големо КАМ ДОО Илинден, со седиште на ул. 35 бр. 39 Илинден, застапувано од адвокат Методија Велков, Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со седиште на ул. Мери Бошкова бр.21А Скопје, застапувано од адвокат Александар Петковски и Трговско друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. Кочо Рацин бр.1 Скопје застапувано од адвокат Ерол Хасан, а заради утврдување на постоење на прекршок од член 59 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, на седницата одржана на 21.11.2025 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1) Се утврдува дека Друштво за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр.16-1/мансарда 1 Скопје, ЕДБ 4030993244482, ЕМБС 4632729 и жиро сметка 210-046327290187 депонент НЛБ Банка АД Скопје, застапувано од адвокат Д-р. Валентин Пепељугоски, Друштво за трговија на мало и големо КАМ ДОО Илинден, со седиште на ул. 35 бр. 39 Илинден, ЕДБ 4030999361839, ЕМБС 5294576, жиро сметка 300000004364939 депонент Комерцијална банка АД Скопје, застапувано од адвокат Методија Велков, Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со седиште на ул. Мери Бошкова бр.21А Скопје, ЕДБ 4030992156342, ЕМБС 4444370, жиро сметка 210-0444437001-49, депонент НЛБ Тутунска банка АД, Скопје, застапувано од адвокат Александар Петковски и Трговско друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. Кочо Рацин бр.1 Скопје, ЕДБ 4030996253296, ЕМБС 5133394, жиро сметка 200000024708705 депонент Стопанска банка АД Скопје, застапувано од адвокат Ерол Хасан, како конкуренти кои делуваат на релевантниот пазар на продажба на стоки и услуги на мало во неспецијализирани продавници (вршат трговија на мало со прехрамбени производи, пијалаци, производи од тутун, производи за лична хигиена, производи за хигиена во

домаќинството и сл.) и Сојуз на стопански комори на Македонија, со седиште на Црвена Скопска Општина бр.10, Скопје, со ЕДБ 4030004520115, ЕМБС 5899524 и жиро сметка 210058995240121 депонент НЛБ банка АД Скопј, застапувано од адвокат Анита Бегова, како координатор, во периодот од 05.02.2025 година до 19.02.2025 година учествувале во забранет договор и /или усогласено однесување - картел, кој имал за цел нарушување на конкуренцијата, спротивно на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, што преставува прекршок од 59 став (1) точка 1) од Законот, на начин што на 05.02.2025 година одржале состанок на кој договориле да не прифаќаат нови или зголемени ценовници од добавувачи („колективен бојкот") минимум до крајот на првиот квартал од 2025 година, со што намерно ја замениле состојбата на непречена конкуренција на релевантниот пазар со состојба на практична соработка.

2) За сторениот прекршок од точка 1) од ова решение на сторителот:

- Друштво за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр.16-1/мансарда 1 Скопје, му се изрекува глоба во износ од 3.075.000 денари, што претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје остварен во 2024 година, како последна деловна година за која претпријатието има составена годишна сметка.
- Друштво за трговија на мало и големо КАМ ДОО Илинден, со седиште на ул. 35 бр. 39 Илинден , му се изрекува глоба во износ од 3.075.000 денари, што претставува XXX[1]% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за трговија на мало и големо КАМ ДОО Илинден, остварен во 2024 година, како последна деловна година за која претпријатието има составена годишна сметка.
- Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со седиште на ул. Мери Бошкова бр.21А Скопје, му се изрекува глоба во износ од 3.075.000 денари, што претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје остварен во 2024 година, како последна деловна година за која претпријатието има составена годишна сметка.
- Трговско друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. Кочо Рацин бр.1 Скопје, му се изрекува глоба во износ од 3.075.000 денари, што претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Трговско друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, остварен во 2024 година, како последна деловна година за која претпријатието има составена годишна сметка.
- Сојуз на стопански комори на Македонија, со седиште на Црвена Скопска Општина бр.10, Скопје му се изрекува глоба во износ од 1.143.000 денари, што претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Сојуз на стопански комори на

[1] Податоците пресеметуваат деловна тајна

Македонија остварен во 2024 година, како последна деловна година за која претпријатието имасоставена годишна сметка.

3) Глобата од точка 2) од ова решение сторителите на прекршокот се должни да ја платат во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[2]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач - НБРМ. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат.

4) Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП) од јавно објавените информации-медиумите дојде до сознание дека Сојузот на стопански комори на Македонија дал соопштение до медиумите (објавено на 06.02.2025 година) во кое меѓу другото се наведува дека „на состанокот со претставниците на малопродажните синџири и локалните клучни партнери исто така беше договорено меѓу сите малопродажни синџири и локални клучни партнери да не се примаат нови ценовници минимум до крајот на првиот квартал оваа година“.

Договарањето помеѓу малопродажните синџири (супермаркети како претпријатија кои вршат набавка на стоки а потоа преку малопродажни објекти – супермаркети ги продаваат на крајни купувачи) за непримање на нови ценовници (непримање на производи од добавувачите доколку ги променат цените) одреден период може да претставува договор и/или усогласено однесување помеѓу претпријатија забрането со член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата што претставува прекршок од член 59 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот).

Заради горенаведеното, КОП со заклучок ПП бр. 09-15/1 од 07.02.2025 година, врз основа на член 41 (прибавување на докази на лице место) од Законот му наложи на Сојуз на стопански комори на Македонија (во натамошниот текст: ССКМ) на овластените лица од Комисијата за заштита на конкуренција да им овозможи непречено вршење на дејствијата од член 41 од Законот.

За извршените дејствија на ден 07.02.2025 година е составен Записник бр.09-15/2.

За прибавената доукументација од ССКМ од службените лица на Комисијата е издадена потврда за одземена документација бр.09-15/3 од 07.02.2025 година.

КОП со заклучок ПП бр. 09-15/4 од 10.02.2025 година, врз основа на член 41 (прибавување докази на лице место) од Законот му наложи на Друштво за трговија на мало и големо КАМ

---

[2] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

ДОО Илинден (во понатамошниот текст: КАМ ДОО) на овластените лица од Комисијата за заштита на конкуренција да им овозможи непречено вршење на дејствијата од член 41 од Законот.
За извршените дејствија на ден 10.02.2025 година е составен Записник бр.09-15/5.
За прибавената доукументација од КАМ ДОО од службените лица на Комисијата е издадена потврда за одземена документација бр.09-15/6 од 10.02.2025 година.
КОП со заклучок ПП бр. 09-15/7 од 11.02.2025 година, врз основа на член 41 од Законот му наложи на ССКМ на овластените лица од Комисијата за заштита на конкуренцијата да им овозможи непречено вршење на дејствијата од член 41 од Законот.
За извршените дејствија на ден 11.02.2025 година е составен Записник бр.09-15/8.
За прибавената доукументација од ССКМ од службените лица на Комисијата е издадена потврда за одземена документација бр.09-15/9 од 11.02.2025 година.
КОП со заклучок ПП бр. 09-15/10 од 11.02.2025 година, врз основа на член 41 му наложи на Друштво за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје (во понатамошниот текст: ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ) на овластените лица од Комисијата за заштита на конкуренција да им овозможи непречено вршење на дејствијата од член 41 од Законот за заштита на конкуренцијата.
За извршените дејствија на ден 13.02.2025 година е составен Записник бр.09-15/11.
За прибавената доукументација од ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ од службените лица на Комисијата е издадена потврда за одземена документација бр.09-15/12 од 13.02.2025 година.
Со заклучок ПП бр. 09-15/13 од 20.02.2025 година КОП поведе прекршочна постапка против Сојуз на стопански комори на Македонија (ССКМ), ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ, КАМ ДОО, Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје (во понатамошниот текст РЕПТИЛ ДООЕЛ) и Трговско друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ). Со наведениот заклучок КОП ги задолжи субјектите против кои е поведена постапката да достават Биланс на успех за 2023 година и податоци за жиро - сметка, единствен даночен број и депонент – банка.
Заклучокот беше доставен со пропратно писмо ПП бр. 09-15/14 од 20.02.2025 година.
Со Заклучок ПП бр. 09-15/15 од 20.02.2025 година КОП го задолжи РЕПТИЛ ДООЕЛ да ги достави следните податоци и документи:

- Податок за тоа на кој начин и од кого била доставена покана до Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје да присуствува на состанок одржан на 05.02.2025 година во Сојуз на стопански комори на Македонија, со седиште на Црвена Скопска Општина бр.10, Скопје. Доколку била доставена писмена покана да се достави доказ;
- Кој се бил присутен на состанокот одржан во Сојуз на стопански комори на 05.02.2025 (име и презиме на присутните и на кое друштво биле претставници, име и презиме на претставници од Сојуз на стопански комори кои биле присутни);

- Дали Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје има доставено известување до добавувачите (поединечно до секој добавувач, на својата веб страна или на било кој друг начин) дека нема да прима нови ценовници во одреден период, доколку да, да се достави податок и доказ кога е донесена таква одлука/известување и кога е доставена/објавена и
- Копија од целата писмена комуникација во врска со одржаниот состанок на 05.02.2025 во Сојуз на стопански комори со присутните на состанокот или со трети лица (пред одржување на состанокот и по одржување на состаноктот).

Заклучокот беше доставен со пропратно писмо ПП бр. 09-15/16 од 20.02.2025 година.

Со Заклучок ПП бр. 09-15/17 од 20.02.2025 година КОП го задолжи ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ да ги достави следните податоци и документи:

- Податок за тоа на кој начин и од кого била доставена покана до Трговско друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. Кочо Рацин бр.1 Скопје да присуствува на состанок одржан на 05.02.2025 година во Сојуз на стопански комори на Македонија, со седиште на Црвена Скопска Општина бр.10, Скопје. Доколку била доставена писмена покана да се достави доказ;
- Кој се бил присутен на состанокот одржан во Сојуз на стопански комори на 05.02.2025 (име и презиме на присутните и на кое друштво биле претставници, име и презиме на претставници од Сојуз на стопански комори кои биле присутни);
- Дали Трговско друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. Кочо Рацин бр.1 Скопје има доставено известување до добавувачите (поединечно до секој добавувач, на својата веб страна или на било кој друг начин) дека нема да прима нови ценовници во одреден период, доколку да, да се достави податок и доказ кога е донесена таква одлука/известување и кога е доставена/објавена и
- Копија од целата писмена комуникација во врска со одржаниот состанок на 05.02.2025 во Сојуз на стопански комори со присутните на состанокот или со трети лица (пред одржување на состанокот и по одржување на состаноктот).

Заклучокот беше доставен со пропратно писмо ПП бр. 09-15/18 од 20.02.2025 година.

Со допис наш ПП бр. 09-15/19 од 25.02.2025 година РЕПТИЛ ДООЕЛ  достави податоци побарани со заклучок ПП бр. 09-15/13.

Со допис наш ПП бр. 09-15/20 од 25.02.2025 година РЕПТИЛ ДООЕЛ  достави податоци побарани со заклучок ПП бр. 09-15/15.

Со допис наш ПП бр. 09-15/21 од 26.02.205 година ТИНЕКС–МТ ДООЕЛ побара продолжување на рокот.

Со допис ПП бр. 09-15/22 од 27.02.2025 година КОП одговори на барањето на ТИНЕКС–МТ ДООЕЛ.

Со допис наш ПП бр. 09-15/23 од 28.02.2025 година ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ  достави податоци побарани со заклучок ПП бр. 09-15/13.

Со допис наш ПП бр. 09-15/24 од 28.02.2025 година ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ достави податоци побарани со заклучок ПП бр. 09-15/13.
Со допис наш ПП бр. 09-15/25 од 28.02.2025 година ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ достави податоци побарани со заклучок ПП бр. 09-15/17.
Со допис наш ПП бр. 09-15/26 од 28.02.2025 година ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ достави податоци побарани со заклучок ПП бр. 09-15/17.
Со допис наш ПП бр. 09-15/27 од 28.02.2025 година КАМ ДОО достави податоци побарани со заклучок ПП бр. 09-15/13.
Со допис наш ПП бр. 09-15/28 од 04.03.2025 година ССКМ достави податоци побарани со заклучок ПП бр. 09-15/13.
Со допис наш бр.ПП бр. 09-15/29 од 05.03.2025 година ТИНЕКС–МТ ДООЕЛ достави податоци побарани со заклучок ПП бр. 09-15/13.
Со заклучок ПП бр. 09-15/30 од 12.03.2025 година КОП побара од Млекара АД Битола да ги достави следните податоци и документи и тоа XXX
Заклучокот е доставен со пропратно писмо бр. 09-15/31 од 12.03.2025.
Со допис наш ПП бр. 09-15/32 Млекара АД Битола одговори на заклучокот.
Со заклучок ПП бр. 09-15/33 од 28.03.2025 година КОП побара од Млекара АД Битола да ги достави следните податоци и документи и тоа XXX
Заклучокот е доставен со пропрато писмо бр. 09-15/34 од 28.03.2025 година
Со заклучок ПП бр. 09-15/35 од 28.03.2025 година КОП побара од ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ да ги достави следните податоци и документи: XXX
Заклучокот е доставен со пропрато писмо бр. 09-15/36 од 28.03.2025 година.
Со допис наш ПП бр. 09-15/37 од 08.04.2025 година ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ достави одговор на заклучокот.
Со допис наш ПП бр. 09-15/38 од 10.04.2025 година малекара АД Битола достави одговор на дописот.
На ден 17.04.2025 година КОП донесе прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-15/39. Прелиминарното известување е доставено со пропратно писмо бр. 09-15/40 од 17.04.2025.
На ден 28.04.2025 година со допис наш ПП бр. 09-15/41 ССКМ достави барање за увид.
На ден 30.04.2025 година КОП донесе Заклучок за увид во списи ПП бр. 09-15/42.
Заклучокот е доставен со пропратно писмо ПП бр. 09-15/43 од 30.04.2025 година.
За увидот во списи е составен Записник ПП бр. 09-15/44 од 02.05.2025 година.
Со допис наш ПП бр. 09-15/45 од 07.05.2025 година ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ се произнесе по прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба.
Со допис наш ПП бр. 09-15/46 од 07.05.2025 година ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ се произнесе по прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба.
Со допис наш ПП бр. 09-15/47 од 08.05.2025 година ССКМ се произнесе по прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис наш ПП бр. 09-15/48 од 08.05.2025 година ССКМ се произнесе по прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба.
Со допис наш ПП бр. 09-15/49 од 08.05.2025 година КАМ ДОО се произнесе по прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба.
Со допис наш ПП бр. 09-15/50 од 13.05.2025 година РЕПТИЛ ДООЕЛ се произнесе по прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба.
КОП со Заклучок ПП бр. 09-15/51 од 13.05.2025 година побара од ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ да ги достави следните податоци и документи: - вкупна вредност на набавени стоки заради вршење на дејноста – трговија на мало во неспецијализирани продавници (претежно со храна, пијалаци, производи за лична хигиена, производи за хигиена во домаќинството и сл.) во периодот од 05.02.2025 година до 19.02.2025 година; вкупна остварени приходи од продажба на стоки од дејноста – трговија на мало во неспецијализирани продавници (претежно со храна, пијалаци, производи за лична хигиена, производи за хигиена во домаќинството и сл.) во периодот од 05.02.2025 година до 19.02.2025 година и биланс на успех за 2024 година.
Заклучокот е доставен со пропрато писмо бр. 09-15/52 од 13.05.2025 година
КОП со Заклучок ПП бр. 09-15/53 од 13.05.2025 година побара од РЕПТИЛ ДООЕЛ да ги достави следните податоци и документи: - вкупна вредност на набавени стоки заради вршење на дејноста – трговија на мало во неспецијализирани продавници (претежно со храна, пијалаци, производи за лична хигиена, производи за хигиена во домаќинството и сл.) во периодот од 05.02.2025 година до 19.02.2025 година; вкупна остварени приходи од продажба на стоки од дејноста – трговија на мало во неспецијализирани продавници (претежно со храна, пијалаци, производи за лична хигиена, производи за хигиена во домаќинството и сл.) во периодот од 05.02.2025 година до 19.02.2025 година и биланс на успех за 2024 година.
Заклучокот е доставен со пропрато писмо бр. 09-15/54 од 13.05.2025 година
КОП со Заклучок ПП бр. 09-15/55 од 13.05.2025 година побара од КАМ ДОО да ги достави следните податоци и документи: - вкупна вредност на набавени стоки заради вршење на дејноста – трговија на мало во неспецијализирани продавници (претежно со храна, пијалаци, производи за лична хигиена, производи за хигиена во домаќинството и сл.) во периодот од 05.02.2025 година до 19.02.2025 година; вкупна остварени приходи од продажба на стоки од дејноста – трговија на мало во неспецијализирани продавници (претежно со храна, пијалаци, производи за лична хигиена, производи за хигиена во домаќинството и сл.) во периодот од 05.02.2025 година до 19.02.2025 година и биланс на успех за 2024 година.
Заклучокот е доставен со пропрато писмо бр. 09-15/56 од 13.05.2025 година
КОП со Заклучок ПП бр. 09-15/57 од 13.05.2025 година побара од ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ да ги достави следните податоци и документи: - вкупна вредност на набавени стоки заради вршење на дејноста – трговија на мало во неспецијализирани продавници (претежно со храна, пијалаци, производи за лична хигиена, производи за хигиена во домаќинството и сл.)

во периодот од 05.02.2025 година до 19.02.2025 година; вкупна остварени приходи од продажба на стоки од дејноста – трговија на мало во неспецијализирани продавници (претежно со храна, пијалаци, производи за лична хигиена, производи за хигиена во домаќинството и сл.) во периодот од 05.02.2025 година до 19.02.2025 година и биланс на успех за 2024 година.

Заклучокот е доставен со пропрато писмо бр. 09-15/58 од 13.05.2025 година.

Со допис наш ПП бр. 09-15/59 од 19.05.2025 година ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ одговори на заклучокот.

Со допис наш ПП бр. 09-15/60 од 20.05.2025 година ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ одговори на заклучокот.

Со допис наш ПП бр. 09-15/61 од 21.05.2025 година РЕПТИЛ ДООЕЛ одговори на заклучокот.

Со допис наш ПП бр. 09-15/62 од 22.05.2025 година КАМ ДОО одговори на заклучокот.

Со допис наш ПП бр. 09-15/63 од 26.05.2025 година ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ одговори на заклучокот.

На ден 13.06.2025 година КОП донесе Конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-15/64.Конечното известување е доставено на со пропратно писмо од 13.06 .2025, бр. 09-15/65до ССКМ, бр.09-15/66 до ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ, бр.09-15/67 до КАМ ДОО, бр.09-15/68 до РЕПТИЛ ДООЕЛ и бр.09-15/69 до ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ

Со допис наш ПП бр. 09-15/70 од 24.06.2025 година ССКМ се произнесе по конечното известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис наш ПП бр. 09-15/71 од 24.06.2025 година ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ се произнесе по конечното известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис наш ПП бр. 09-15/72 од 24.06.2025 година ССКМ дополнително се произнесе по конечното известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис наш ПП бр. 09-15/73 од 24.06.2025 година РЕПТИЛ ДООЕЛ се произнесе по конечното известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис наш ПП бр. 09-15/74 од 25.06.2025 година ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ се произнесе по конечното известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис наш ПП бр. 09-15/75 од 26.06.2025 година КАМ ДОО се произнесе по конечното известување за утврдена фактичка состојба.

Со заклучок ПП бр.09-15/76 од 27.08.2025 година КОП го задолжи ССКМ да достави податок кои друштва кои вршат продажба на стоки и услуги на мало во неспецијализирани продавници (односно истите вршат трговија на мало со прехрамбени производи, пијалаци, производи од тутун, производи за лична хигиена, производи за хигиена во домаќинството и сл.). биле членки на Сојуз на стопански комори на Македонија во февруари 2025 година ( да се наведе назив и адреса). Заклучокот е доставен со пропратно писмо ПП бр.09-15/77 од 02.09.2025.

Со допис наш ПП бр.09-15/78 од 10.09.2025 ССКМ достави одговор на Заклучокот.

Со заклучок ПП бр.09-15/79 од 19.09.2025 година КОП го задолжи ССКМ да ги достави следните податоци и документи: список на сите друштва (субјекти) биле членки на Сојуз на стопански комори на Македонија во февруари 2025 година (да се наведе назив и адреса) и дали Друштво за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр.16-1/мансарда 1 Скопје, Друштво за трговија на мало и големо КАМ ДОО Илинден, со седиште на ул. 35 бр. 39 Илинден, Друштво за производство, трговија и услуги РЕПТИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со седиште на ул. Мери Бошкова бр.21А Скопје, и/или Трговско друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. Кочо Рацин бр.1 Скопје биле членки на Сојуз на стопански комори на Македонија во февруари 2025 година. Заклучокот е доставен со пропратно писмо ПП бр.09-15/80 од 19.09.2025.

На ден 19.09.2025 година КОП со допис ПП бр.09-15/81 побара од ССКМ да ги достави следните податоци и документи: дали дописот доставен до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата на 04.03.2025, наш бр.09-15/28 содржи деловна тајна, доколку „да" да се достави недоверлива верзија; дали дописот доставен до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата на 08.05.2025 година, наш бр.09-15/47 содржи деловна тајна, доколку „да" да се достави недоверлива верзија; дали дописот (дополнително произнесување) доставен до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата на 08.05.2025 година наш бр.09-15/48 содржи деловна тајна, доколку „да" да се достави недоверлива верзија; дали дописот доставен до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата на 24.06.2025 година, наш бр.09-15/70 содржи деловна тајна, доколку „да" да се достави недоверлива верзија; дали дописот (дополнително изјаснување) доставен до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата на 24.06.2025 година, наш бр.09-15/72 содржи деловна тајна, доколку „да" да се достави недоверлива верзија и дали дописот од 10.09.2025 година (наш бр.09-15/78 од 10.09.2025) содржи деловна тајна, доколку „да" да се достави недоверлива верзија.

На ден 19.09.2025 година КОП со допис ПП бр.09-15/82 побара од ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ да ги достави следните податоци и документи: недоверлива верзија на допис од 08.04.2025 (наш бр. 09-15/37 од 08.04.2025) имено во дописот е наведено само дека прилозите претставуваат деловна тајна но дел од содржината на прилозите е наведна во самиот допис заради што е потребно да се достави недоверлива верзија на дописот; дали дописот од 05.05.2025 година(наш бр. 09-15/45 од 07.05.2025) содржи деловна тајна, доколку „да" да се достави недоверлива верзија и дали дописот од 24.06.2025 година(наш бр. 09-15/71 од 24.06.2025) содржи деловна тајна, доколку да да се достави недоверлива верзија.

На ден 19.09.2025 година КОП со допис ПП бр.09-15/83 побара од ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ да ги достави следните податоци и документи: дали дописот од 05.03.2025 година ( наш бр.09-15/29 од 05.03.2025) содржи деловна тајна, доколку „да" да се достави недоверлива верзија; дали дописот од 07.05.2025 година ( наш бр.09-15/46 од 07.05.2025) содржи деловна

тајна, доколку „да“ да се достави недоверлива верзија; дали дописот од 20.05.2025 година (наш бр.09-15/60 од 20.05.2025) содржи деловна тајна, доколку „да“ да се достави недоверлива верзија и дали дописот од 23.06.2025 година (наш бр.09-15/74 од 25.06.2025) содржи деловна тајна, доколку „да“ да се достави недоверлива верзија.

На ден 19.09.2025 година КОП со допис ПП бр.09-15/84 побара од РЕПТИЛ ДООЕЛ да ги достави следните податоци и документи: дали дописот ваш бр. бр.0302/141 од 25.02.2025 (наш бр.09-15/20 од 25.02.2025)-содржи деловна тајна, доколку „да“ да се достави недоверлива верзија, особено да се напомене дали прилозите доставени кон овој допис се деловна тајна; дали дописот ваш бр. бр.0302/281 од 09.05.2025 (наш бр.09-15/50 од 13.05.2025)-содржи деловна тајна, доколку „да“, да се достави недоверлива верзија, особено да се напомене дали прилозите доставени кон овој допис се деловна тајна; дали дописот Ваш бр. бр.0302/321 од 21.05.2025 (наш бр.09-15/61 од 21.05.2025)- содржи деловна тајна, доколку „да“, да се достави недоверлива верзија и да се напомене дали прилозите доставени кон овој допис се деловна тајна и дали дописот од 23.06.2025 (наш бр.09-15/73 од 24.06.2025)- содржи деловна тајна, доколку да, да се достави недоверлива верзија.

Со допис наш ПП бр. 09-15/85 од 22.09.2025 година ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ ги достави бараните податоци.

Со допис наш ПП бр. 09-15/86 од 25.09.2025 година ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ ги достави бараните податоци.

Со допис наш ПП бр. 09-15/87 од 25.09.2025 година полномошникот на ССКМ адвокат Александар Гичев достави известување.

Со допис наш ПП бр. 09-15/88 од 25.09.2025 година полномошникот на ССКМ адвокат Димитар Панчевски достави известување.

Со допис наш ПП бр. 09-15/89 од 26.09.2025 година РЕПТИЛ ДООЕЛ ги достави бараните податоци.

Со допис наш ПП бр. 09-15/90 од 26.09.2025 година полномошникот на ССКМ адвокат Анита Бегова достави полномошно и барање за продолжување на рокот за доставување на бараните податоци.

Со допис ПП бр.09-15/91 КОП достави одговор на барањето за продолжување на рокот.

Со допис наш ПП бр.09-15/92 од 16.10.2025 година ССКМ достави одговор на заклучокот.

По прибавувањето на потребните податоци од значење за правилно одлучување во прекршочната постапка и од прибраните докази на лице место, а имајќи ги во предвид и произнесувањата доставени од страна на сторителите на прекршокот, КОП ја утврди следната фактичка состојба:

**Неспорно е дека од сите релевантни докази, коресподенции и изјави прибавени во текот на постапката се докажа дека постои јасна координација помеѓу конкуренти, иницирана и подржана од ССКМ**.

Имено, КАМ ДОО, ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ, РЕПТИЛ ДООЕЛ и ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ се претпријатија, меѓусебни конкуренти, кои делуваат на пазарот на продажба на стоки и услуги на мало во неспецијализирани продавници (односно истите вршат трговија на мало со прехрамбени производи, пијалаци, производи од тутун, производи за лична хигиена, производи за хигиена во домаќинството и сл.).

Врз основа на изјавите дадени на горенаведените записници, од одземената документатција од ССКМ, КАМ ДОО и ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ, како и од дополнително прибавените податоци доставени во одговор на заклучоците, КОП утврди дека на ден 05.02.2025 година бил закажан и одржан состанок во просториите на ССКМ на кој присуствувале претставници од ССКМ (Трајан Ангелоски - претседател на ССКМ, Сашо Дукоски – претседател на Трговска комора и подпретседател на ССКМ и Сузана Јаневска – извршен директор на ССКМ), КАМ ДОО (Ристо Шехтански – главен менаџер за набавки), ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ (Владимир Тодоровиќ-управител), РЕПТИЛ ДООЕЛ (Даница Блажеска – управител) и ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ (Петар Денковски – генерален директор).

По одржаниот состанок следела меѓусебна координација по електронски пат помеѓу учесниците на состанокот и тоа ССКМ, ВЕРОПОЛУС ДООЕЛ, КАМ ДОО и ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ.

На ден 05.02.2025 година во 14:19 часот од електронската адреса risto.shehtanski@kam.mk е пратена порака на koordinator@sojuzkomori.org.mk во која истиот бара да му се достави Извештајот на ССКМ и предлог соопштение за јавност со цел да може да даде согласност на соопштението.

На ден 05.02.2025 година во 15:10 часот од електронската адреса koordinator@sojuzkomori.org.mk е доставено соопштение (предлог соопштение за медиуми) и извештај на ССКМ до todorovic@tinex.com.mk, risto.shehtanski@kam.mk и XXX@vero.com.mk.

Како одговор на претходната порака на ден 05.02.2025 година во 17:36 часот од електронската пошта на XXX@vero.com.mk е испратена електронска порака до koordinator@sojuzkomori.org.mk, todorovic@tinex.com.mk и risto.shehtanski@kam.mk во која Денковски дава свои коментари за содржината на соопштението (за медиуми) доставено од ССКМ.

Како одговор на претходната порака на ден 05.02.2025 година во 21:29 часот од електронската пошта на todorovic@tinex.com.mk е испратена електронска порака до XXX@vero.com.mk. koordinator@sojuzkomori.org.mk, risto.shehtanski@kam.mk во која Тодоровиќ дава свои коментари за содржината на соопштението (за медиуми) доставено од ССКМ.

Како одговор на претходната порака на ден 06.02.2025 година во 13:15 часот од електронската пошта на risto.shehtanski@kam.mk била испратена електронска порака до todorovic@tinex.com.mk, XXX@vero.com.mk и koordinator@sojuzkomori.org.mk во која Шехтански дава свои коментари за содржината на соопштението (за медиуми) доставено од

ССКМ, а од истата е видно дека истиот јасно наведува дека на состанокот било дискутирано за неприфаќање на зголемување на цени од добавувачи.

Од ССКМ било испратено соопштение за јавност кое било објавено од медиумите на 06.02.2025 година. Во соопштението меѓу другото стои: *„...Сојузот на стопански комори на Македонија направил анализа на пазарот на супермаркети наспроти добавувачи, која што ги детектира точките каде растат цените и каде треба да се интервенира..... На состанокот исто така беше договорено меѓу сите малопродажни ланци и локални клучни партнери да не се примаат нови ценовници, минимум до крајот на првиот квартал оваа година.“*

ССКМ го организирал и координирал состанокот чија цел било склучување на забранет договор и/или усогласено однесување помеѓу конкуренти. Дополнително во соопштението за јавност дадено од ССКМ се наведува дека *„...На состанокот исто така беше договорено меѓу* <u>*сите малопродажни ланци и локални клучни партнери*</u> *да не се примаат нови ценовници, минимум до крајот на првиот квартал оваа година“* со што ССКМ влијаел да се стекне перцепција и кај другите претпријатија кои вршат продажба на стоки на мало во неспецијализирани продавници, како и кај добавувачите дека ваквиот договор е постигнат помеѓу сите учесници на овој пазар и со тоа да влијае на однесувањето и на субјектите кои не биле присутни на состанокот. Заради наведеното ССКМ претставува учесник во забранетиот договор (картел) и/или усогласено однесување како координатор.

Од прибавената документација исто така КОП утврди дека:

- ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ доставил соопштение (заведено под бр. 03/152 од 30.01.2025 година) до добавувачите во кое меѓу другото се наведува дека истиот во првиот квартал на 2025 година нема да прифаќа изменети ценовници на добавувачите, а за пријавените зголемени цени до моментот, предлага да се вратат на ниво пред поскапувањето односно од пред 01.01.2025 година
- КАМ ДОО со електронска пошта на 03.02.2025 година ги известил добавувачите дека не можат да прифатат зголемување на набавните цени од добавувачите и оваа одлука ќе трае до наредна информација.
- Од РЕПТИЛ ДООЕЛ на 31.01.2025 година била испратена електронска пошта до добавувач во која се наведува дека носат одлука за неприфаќање на сите зголемени цени на производите на добавувачот кои истиот ги има најавено и дека одлуката ќе трае до 01.04.2025 година и доколку не се постапи по одлуката ќе бидат принудени да не ги нарачуваат производите кои се предмет на поскапување (наведува дека следејќи ги состојбите, рокот на одлуката може да се ревидира). Ваква електронска порака РЕПТИЛ ДООЕЛ на 04.02.2025, 05.02.2025, 14.02.2025 и на 17.02.2025 година доставил и на други добавувачи кои најавиле зголемување на цените.
- ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ на 05.02.2025 година во 15:54 часот (веднаш по одржаниот состанок во ССКМ) испраќа електронска пошта до добавувач дека не го прифаќа ценовникот кој му бил доставен на 24.01.2025 (со важност од 07.02.2025). ВЕРОПОЛУС

ДООЕЛ исто така достави доказ дека на истиот добавувач во јануари 2025 година без никаков проблем му бил прифатен ценовник за зголемување на цените.
- ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ, КАМ ДОО и РЕПТИЛ ДООЕЛ и пред одржувањето на состанокот – секој индивидуално - имал испратено известување до добавувачите за неприфаќање на нови ценовници со изменети или повисоки цени, но со одржување на состанокот се постигнало сите четири наведени субјекти (ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ, КАМ ДОО, РЕПТИЛ ДООЕЛ и ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ) да го координираат ваквото свое однесување. Иако, дел од комуникациите се испратени неколку дена пред состанокот, состанокот служел како механизам за заемна проверка на усогласеност, координација на времето и формата на мерките, како и усогласување на јавниот настап преку ССКМ.

По објавениот текст во медиумите никој од наведените четири субјекти, на никаков начин не реагирал и не ја демантирал објавата за постигнатиот договор за неприфаќање на нови ценовници со изменети или повисоки цени од добавувачите минимум до крајот на првиот квартал 2025 година.

Договарањето помеѓу конкуренти, во конкретниот случај КАМ ДОО, ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ, РЕПТИЛ ДООЕЛ и ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ за непримање на нови ценовници (непримање на производи од добавувачите доколку ги променат/зголемат цените) одреден период и координирањето на таквиот договор од ССКМ претставува учество во договор и/или усогласено однесување помеѓу претпријатија забрането со член 7 став (1) точка 1) од Законот што претставува прекршок од член 59 став (1) точка 1) од Законот.

Во конкретниот случај картелот се однесува на договарање за колективен бојкот на добавувачите, односно, учесниците во картелот како купувачи го усогласиле своето однесување во насока да одбијат да соработуваат/да набавуваат производи од добавувачите доколку добавувачите не почитуваат одредени услови (во конкретниот случај доколку достават нови ценовници со зголемени цени за производите кои ги нудат/продаваат).

Ваквото усогласено однесување има за цел нарушување на конкуренцијата.

Соглано членот 5 став (1) алинеа 11) од ЗЗК „картели“ се договори и одлуки и/или усогласено однесување помеѓу две или повеќе претпријатија чија цел е координирање на нивното однесување како конкуренти на пазарот и/или влијаење на релевантните параметри на конкуренцијата.

Согласно членот 5 став (1) алинеа 12) од ЗЗК „усогласено однесување“ претставува координирање на однесувањето помеѓу две или повеќе претпријатија како резултат на што, и без склучување на договор, доаѓа до намерно заменување на состојбата на непречена конкуренција на релевантниот пазар со состојба на практична соработка помеѓу претпријатијата. До усогласено однесување може да дојде како резултат на директни или индиректни контакти помеѓу претпријатијата чија што цел или последица е да се влијае на однесувањето на релевантниот пазар или да им се најави идното пазарно однесување на конкурентите”.

Согласно членот 7[3] став (1) од ЗЗК забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуките на здруженијата на претпријатија и усогласено однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата. Забраната за склучување на договори и договорена практика кои имаат за цел или последица нарушување на конкуренцијата е од исклучително значење.

За целите на примена на член 7 став (1) од ЗЗК, усогласеното однесување кое има за цел (by object) нарушување на конкуренцијата не е неопходно да се земат во предвид конкретните ефекти од усогласеното однесување. Следствено не е неопходно да се докажат последиците од нарушувањата на конкуренцјта предизвикани од забранетото усогласено однесување. Дополнително, фактот дека во одредени случаи усогласеното однесување може да не го произведе ефектот на пазарот кои учесниците сакале да ги постигнат со усогласеното однесување, не значи дека угласеното однесување не предизвикало одредени последици на пазарот.

Согласно насоките за примената на член 7 став (3) од Законот за заштита на конкуренцијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата (донесни на 29.03.2012 година, а кои се целосно усогласени со COMMUNICATION FROM THE COMMISSION, Notice, Guidelines on the application of Article 81(3) of the Treaty (2004/C 101/08)):

„(11). Правилото за забрана од членот 7 став (1) од Законот се применува на ограничувачки договори и договорени практики помеѓу претпријатијата како и одлуките на здруженијата на претпријатија доколку тие би можеле да имаат влијание врз пазарната конкуренција. Општиот принцип во основата на членот 7 став (1) од Законот е дека секој економски оператор мора независно да ја определи политиката која тој има намера да ја усвои на пазарот. Во овој поглед, Законот за заштита на конкуренцијата ги има дефинирано „договорите“, „одлуките“ и „усогласеното однесување“ како правни концепти кои овозможуваат да се направи разлика помеѓу едностраното однесување на некое претпријатие и координација на однесување или колузија помеѓу претпријатија. Едностраното однесување е предмет само на членот 11 од Законот.

(12). Типот на координација на однесување или колузија помеѓу претпријатијата што спаѓа во делокругот на членот 7 став (1) од Законот е дека во случај кога најмалку едно претпријатие усвојува одредено однесување на пазарот vis-à-vis друго претпријатие, или пак како резултат на контакти помеѓу нив, несигурноста за нивното однесување на пазарот е отстранета или барем значително намалена. Следствено, координацијата може да биде во форма на обврски кои го регулираат однесувањето на пазарот на најмалку една од страните како и за аранжмани кои имаат влијание врз однесувањето на пазарот на најмалку една од страните со предизвикување на измена во нивните иницијативи. Не е задолжително координацијата да биде во интерес на сите засегнати претпријатија. Координацијата, исто така, не мора да биде изречна. Таа може и да биде премолчена. За некој договор да може да се смета дека бил склучен

[3] Членот 7 од ЗЗК е целосно усогласен со членот 101 од Договорот за функционирање на Европската Унија-ДФЕУ (претходно член 81 )

со премолчено прифаќање, мора да постои покана од едно до друго претпријатие, без разлика дали е изречна или имплицирана, за исполнување на некоја заедничка цел.
(13). Договорите помеѓу претпријатијата се опфатени со правилото за забрана утврдено во членот 7 став (1) од Законот кога е веројатно дека тие ќе имаат значително негативно влијание врз параметрите на конкуренцијата на пазарот, како што се цените, вкупното производство, квалитетот на производот, разновидноста на производите и иновацијата. Договорите може да имаат вакво влијание со тоа што значително ќе го намалат ривалството помеѓу договорните страни или помеѓу нив и трети страни.
(16). Во примената на аналитичката рамка утврдена во претходниот став, мора да се земе предвид дека членот 7 став (1) од Законот прави разлика помеѓу оние договори кои за цел, имаат ограничување на конкуренцијата и оние договори чија последица е ограничување на конкуренцијата. Некој договор или договорно ограничување ќе бидат забранети со членот 7 став (1) од Законот доколку нивната цел или последица е да се ограничи конкуренцијата помеѓу брендовите и/или конкуренцијата во рамките на еден бренд.
(17). **Разликата помеѓу ограничувањата според целта и ограничувањата според последица е важна. Откако ќе се утврди дека некој договор има за своја цел ограничување на конкуренцијата, нема потреба да се земаат предвид неговите конкретни влијанија. Поинаку кажано, при примената на членот 7 став (1) од Законот не треба да се докажат реални анти-конкурентни влијанија доколку договорот има за цел ограничување на конкуренцијата**. Членот 7 став (3) од Законот од друга страна пак, не прави разлика помеѓу договори кои ја ограничуваат конкуренцијата според целта и договори кои ја ограничуваат конкуренцијата според последицата. Членот 7 став (3) од Законот се однесува на сите договори кои ги исполнуваат четирите критериуми содржани во истиот член.
(18). Ограничувања на конкуренцијата според целта се оние кои според нивната природа имаат потенцијал за ограничување на конкуренцијата. Овие се ограничувања кои во поглед на целите на правилата за конкуренција имаат толку висок потенцијал за негативни влијанија врз конкуренцијата, што при употребата на членот 7 став (1) од Законот се смета за непотребно да се докажат некои реални влијанија на пазарот. Оваа претпоставка се заснова на сериозната природа на ограничувањето и на искуството кое покажува дека ограничувањата на конкуренцијата според цел имаат голема веројатност да произведат негативни влијанија на пазарот и да ги загрозат целите содржани во правилата за конкуренција. Ограничувањата според цел како што се фиксирање на цените и поделба на пазарот го намалуваат производство и ги зголемуваат цените, што води до неправилно распределување на ресурсите, бидејќи стоките и услугите за кои има побарувачка од потрошувачите не се произведуваат. Тие исто така водат кон намалување на благосостојбата на потрошувачот, бидејќи потрошувачите треба да платат повисоки цени за предметните стоки и услуги.“

**Во конкретниот случај КОП утврди дека постои ограничување по своја цел (restriction by object), бидејќи: станува збор за колективен бојкот, постои однесување на купувачи насочено кон поставување услови кон добавувачите и координација за контрола на цените преку одбивање на ценовници. Европскиот суд во своите пресуди последователно утврдува дека buyer cartels и collective boycotts секогаш претставуваат ограничување наконкуренцијата „by object“. Во прилог на утврдената фактичка состојба, од страна на КОП, се донесените одлуки од Европскиот суд, и тоа:**

Во одлуката на Европскиот суд (Court of Justice (1999), Case C-199/92P Huls v Commission ) Судот наведува дека:

*- усогласено однесување се однесува на форма на координирање помеѓу претпријатијата како резултат на што, и без склучување на договор, доаѓа до намерно заменување на состојбата на непречена конкуренција практична соработка помеѓу претпријатијата. (параграф 158);*

*-критериумите за координација и соработка мора да се разберат во духот на концептот вткаен во одредбите од Договорот во однос на конкуренцијата, според кој секој економски оператор мора независно да ја одредува политиката која има намера да ја примени на пазарот (параграф 159);*

*- иако барањето за независност не им го ускратува правото на економските оператори да се адаптираат интелигентно на постојните и очекуваните однесувања на нивните конкуренти, тоа сепак стриктно забранува било каков директен или индиректен контакт помеѓу операторите чија цел или последица е или да се влијае на однесувањето на пазарот на постоен или потенцијален конкурент или да се открие на конкурентот насоката на однесување која тие самите одлучиле да ја применат, или имаат намера да ја применат на пазарот, чија цел или последица на тој контакт е да се создадат услови на конкуренција кои не кореспондираат со нормалните услови на пазарот (параграф 160);*

*- усоглсеното однесување, како што е дефинирано погоре, е опфатено со член 81(1) , дури и кога не постојат анти-конкурентски ефекти на пазарот (параграф 163).*

Во друга одлука (In Case C-68/12, Protimonopolný úrad Slovenskej republiky v Slovenská sporiteľňa a.s., Судот констатирал дека:

*- За целите на примена на член 101 (10 од ДФЕУ нема потреба да се земат во предвид конкретните ефекти од договорот доколку истиот има за цел спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата  (параграф 17);*

*- Целта на член 101 од ДФЕУ е да ги заштити не само интересите на конкурентите и потрошувачите  туку и структурата на пазарот како таква (параграф 18);*

*- Дополнително не е на  приватните претпријатија или здруженија на претпријатија , туку на јавната власт да обезбеди придржување кон законските норми (параграф 20);*

*- Судот во таа насока истакнува дека за да се примени член 101 од ДФЕУ, не е неопходно да има постапување, дури и знаење од страна на партнерите или главниот менаџер на*

*засегнатото претпријатие; доволно е да имало активност на претставникот на претпријатието (параграф 25);*
*- Дополнително, како што навела Комисијата забранетото учеството во договор е најчесто тајно и не се прави според формални правила. Редок ќе биде случајот да претставникот на претпријатието присуствува на состанок со овластување да направи прекршок (параграф 26);*
*- Исто така, кога ќе се утврди дека претпријатието учествувало во анти-конкурентски состанок - помеѓу претпријатија конкуренти, претпријатието е тоа кое треба да достави докази од кои ќе се утврди дека неговото учество на состаноците било без било каква анти-конкурентска намера, со тоа што ќе покаже дека им дало до знаење на конкурентите, дека учествува на состаноците во дух кој се разликува од нивниот. За учеството на претпријатието на таков состанок да не се гледа како премолчно одобрување на незаконска иницијатива или како следење на она што е одлучено на состанокот, претпријатието мора јавно да се дистанцира од таквата иницијатива, на начин што другите учесници во договорот ќе сметаат дека тоа става крај на неговото учество или мора да ја пријави иницијативата на административните власти (параграф 27).*

Во трета одлука (In Case C-194/14 P, AC-Treuhand AG v European Commission) судот утврдил дека:
*- пасивниот начин на учество во прекршокот, како што е присуство на претпријатието на состанок на кој е склучен антиконкурентски договор, без тоа претпријатие јасно да им се спротивстави, се индикации за колузија за која може да се смета одговорно претпријатието согласно член 81(1), бидејќи учесникот кој прекутно ја одобрува противзаконската иницијатива, без јавно да се дистанцира од нејзината содржина, или без да пријави на административните власти, го охрабрува продолжувањето на прекршокот и го компромитира откривањето (параграф 31);*
*- Контекстот на член 81 (1) се однесува на сите договори и усогласено однесување, кои, во вертикален или хоризонтален однос, ја нарушуваат конкуренцијата на аедничкиот пазар, независно од пазарот на кој работат учесниците во договорот и дека е доволно предметниот договор да имал ефект на комерцијалното однесување на едно претпријатие (параграф 35).*

Понатаму, на ден 19.02.2025 година во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.38 е објавена „Одлука за посебните услови за трговијата на одделни стоки и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед", со која Владата на Република Севрна Македониоја за 102 вида на основни производи за домаќинство (прехрамбени, за лична хигиена и сл.) ја утврдува, во фиксен процент највисоката бруто

профитна маржа на трговците на големо и на трговците на мало. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службениот весник“.

Со донесувањето на оваа одлука за најголемиот дел најважни производи кои се продаваат во трговијата на мало, се уредени највисоките бруто профитни маржи, па оттука и предметниот забранет договор/картел, по нејзиното донесување, станува беспредметен.

Врз основа на горенаведеното КОП утврди дека КАМ ДОО, ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ, РЕПТИЛ ДООЕЛ ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ како конкуренти кои учествуваат на пазарот и кои делуваат на пазарот на продажба на стоки и услуги на мало во неспецијализирани продавници (вршат трговија на мало со прехрамбени производи, пијалаци, производи од тутун, производи за лична хигиена, производи за хигиена во домаќинството и сл.)., како релевантен пазар и ССКМ како координатор, во периодот од 05.02.2025 година до 19.02.2025 година учествувале во забранет договор и /или усогласено однесување - картел, на начин што на 05.02.2025 година одржале состанок на кој договориле да не прифаќаат нови или зголемени ценовници од добавувачи со што намерно ја замениле состојбата на непречена конкуренција на релевантниот пазар со состојба на практична соработка помеѓу претпријатијата со цел нарушување на конкуренцијата што е спротивно на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата и претставува прешршок од член 59 став (1) точка 1 од Законот.

Во конкретниот случај дејствијата на купувачите се колективен бојкот на нови ценовници, координирано неприфаќање услови од добавувачи, како и заменување на индивидуална политика со договорен став.

Токму ваквото однесување Европскиот суд го третира како **„hardcore restriction“**, кое „a priori“ му штети на процесот на конкуренција, без потреба да се анализираат ефектите.

Оттука, во конкретниот случај предметниот договор е забранет по своја цел.

КОП ги разгледа и целосно ги оцени сите произнесувања, наводи и доставени докази од КАМ ДОО, ТИНЕКС–МТ ДООЕЛ, РЕПТИЛ ДООЕЛ, ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ и ССКМ, но истите не содржат релевантни факти ниту противдокази кои би ја измениле или довеле во сомневање фактичката состојба што е јасно, детално и сеопфатно утврдена во ова решение.

Имено, КАМ ДОО во произнесувањето до КОП наведува дека во конкретниот случај однесувањето на КАМ ДОО во целост ги исполнува четирите кумулативни услови од член 7 став (3) од Законот.

Согласно член 7 став (3) од Законот „(3) одредбите од ставот (1) од член 7 нема да се применуваат на договори, одлуки на здруженија на претпријатија и усогласено однесување што: придонесуваат за унапредување на производството или дистрибуцијата на стоките или услугите или промовирање на техничкиот или економскиот развој, под услов од тоа да имаат сразмерна корист и потрошувачите, а кои што:

- не им наметнуваат на засегнатите претпријатијата ограничувања кои што не се неопходни за постигнувањето на тие цели и
- не им овозможуваат на тие претпријатија елиминирање на конкуренцијата во значителен обем за стоките или услугите кои се во прашање.

Понатаму, КАМ ДОО во призенесувањето наведува дека ако КОП остане на ставот дека со однесувањето на КАМ ДОО се повредува член 7 став (1) од Законот, четирите кумулативни услови од член 7 став (3) за изземање се исполнети и КАМ ДОО наведува дека договорот придонесува за унапредување на производството или дистрибуцијата на добрата или кон промовирање на техничкиот или економскиот развој бидејќи ситуацијата на пазарот во конкретниот период била таква да добавувачите веќе ги имале зголемено своите продажни цени претходно што повлекло и прилагодување на цените во маркетите и маркетите биле на удар на медиумите за високи цени, при што незадоволството на потрошувачите било изразено во облик на бојкот на маркетите на 31.01.2025 и на 07.02.2025 година, заради што КАМ ДОО одлучил да не прифаќа нови ценовници, за да не ги менува, односно покачува цените. Согласно наведеното КАМ ДОО истакнува дека со забранетиот договор е постигнат континуитет во снабдувањето и намалување на ризикот од панично купување и нестабилност во синџирот на снабдување на основни производи, дека е подобрена дистрибутивната ефикасност бидејќи се ограничила потребата од панично купување и се ограничиле инфлаторните шокови во малопродажниот сектор со што се поддржала макроекономската стабилност.

КОП ги ценеше овие наводи на КАМ ДОО при што утврди дека:

- Согласно пасус 34 од насоките за примената на член 7 став (3) од Законот за заштита на конкуренцијата: четирите услови од членот 7 став (3) од Законот ... се кумулативни, не е потребно да се испитаат какви било дополнителни услови откако ќе се утврди дека еден од условите дефинирани со членот 7 став (3) од Законот не е исполнет. Во поединечни случаи може да е соодветно да се земат предвид четирите услови по различен редослед.
- Согласно пасус 37 од истите насоки: кога во определен случај е докажано постоење на ограничување на конкуренцијата според членот 7 став (1) од Законот, тогаш договорните страни може да се повикаат на членот 7 став (3) од Законот во одбрана. Товарот на докажување дека се исполнети условите од член 7 став (3) од Законот паѓа на претпријатието(та) кои се повикува(ат) на оваа одредба.
- Согласно пасус 38 од насоките: според законодавството, четирите услови на членот 7 став (3) од Законот се кумулативни, односно, мора да бидат сите исполнети за правилото на исклучок да биде применливо. Доколку не се, примената на правилото за исклучок од членот 7 став (3) од Законот мора да биде одбиена.
- Согласно пасус 43 од Насоките: Секое тврдење дека ограничувачките договори се оправдани бидејќи имаат за цел обезбедување на фер услови за конкуренција на пазарот, по својата природа е неосновано и мора да биде отфрлено. Целта на членот 7 од Законот е да се заштити ефективната конкуренција преку обезбедување дека пазарите остануваат отворени и конкурентни. Заштитата на фер услови за конкуренција е задача на законодавецот во согласност со Законот, а не на претпријатијата самите да се регулираат.

КОП имајќи ги предвид горенаведените пасуси од насоките, како и точка 3.2. (прв услов од член 7 став (3) од Законот: Придобивки од ефикасност) од насоките утврди дека првиот услов - *придонесуваат за унапредување на производството или дистрибуцијата на*

*стоките или услугите или промовирање на техничкиот или економскиот развој (односно зголемување на ефикасноста)* **<u>не е исполнет</u>**. Имено КОП утврди дека КАМ ДОО во поткрепа на овој услов не дава точно образлежение и квантификација кои ефиксности се постигнале со забранетиот договор додека истиот траел, односно дека се неприфатливи тврдењата на КАМ ДОО дека договорот овозможил континуитет во снабдувањето, бидејќи КАМ ДОО не доставил докази дека тој континуитет бил нарушен и дека како резултат на договорот бил повторно воспоставен. За КОП се неприфатливи тврдењата дека договорот овозможил да се спречи панично купување и нестабилност бидејќи КАМ ДОО не доставил докази дека се случувало панично купување туку напротив наведува докази дека постоел бојкот од потрошувачите (односно некупување во два наврати – на 31.01.2025 и на 07.02.2025 година), дополнително за КОП е неприфатливо дека со забранетиот договор се постигнало ограничување на инфлаторни шокови и макроекономска стабилност бидејќи овој аргумент е паушално даден без никаков доказ за директната поврзаност со забранетиот договор.

Согласно горенаведеното, КОП утврди дека првиот услов од член 7 став (3) од Законот (забранетиот договор да придонесува за унапредување на производството или дистрибуцијата на стоките или услугите или промовирање на техничкиот или економскиот развој) не е исполнет па оттука и предметниот договор на може да биде изземен од забраната од член 7 став (1) од Законот.

Со други зборови, а поврзано со првиот услов КОП оценува дека колективното неприфаќање ценовници, НЕ унапредува дистрибуција. Ограничувањето кон добавувачите не може да биде „техничко или економско подобрување“. Ова создава ризик од недостиг на производи, застој во набавки и нарушување на ланецот на снабдување.

Вториот услов „корист на потрошувачите“, исто така, не е исполнет. Според КАМ ДОО „се избегнувало покачување на цени“. За КОП е неприфатливо ваквото тврдење од причини што колективното спречување на индивидуално определување на цени не носи корист за потрошувачите. Напротив, со таквото однесување се блокира нормалната пазарна динамика, се зголемува ризикот од намалена достапност на производи и се ограничува изборот на потрошувачите. Европската комисија и Европскиот суд доследно утврдуваат дека **buyer cartels** ја намалуваат конкуренцијата кај добавувачите, што долгорочно води до повисоки цени за крајните потрошувачи. КАМ ДОО не докажа никаков реален бенефит за потрошувачите. Не се доставени докази за пониски цени, ниту за подобрени услуги, ниту за подобрена достапност на основни производи.

И третиот услов „ограничувањата да се неопходни за постигање на целите“, не е исполнет. Овој услов бара докажување на ***строга, изречна неопходност***, односно доказ дека целта не може да се постигне на помалку ограничувачки начин. Во конкретниот случај КАМ ДОО не докажа дека имало неминовност за колективно делување; дека секој трговец индивидуално не можел да носи свои комерцијални одлуки и дека постоела техничка или економска причина што бара заеднички бојкот на ценовници. Постоеле бројни можности што ги имал на располагање КАМ ДОО, како што се: индивидуални преговори со

добавувачи, акциски планови за комуникација со потрошувачи, поединечни комерцијални стратегии итн. Колективниот бојкот е најрестриктивната можност и токму затоа ЕУ праксата го третира како неоправдан и незаконски.

Конечно, четвртиот комулативен услов од член 7 став (3) „да не се елиминира конкуренцијата во значителен обем“, исто така, не е исполнет. Утврдената фактичка состојба од страна на КОП укажува на тоа дека четири најголеми малопродажни синџири, со високи пазарни удели координирано делувале на целокупниот малопродажен сектор, а договорот се однесувал на основни производи заѕеее масовна потрошувачка. Таквиот забранет договор практично ја елиминира независноста во формирањето на ценовните политики, создава единствен фронт кон добавувачите и ја прави конкуренцијата меѓу нив нефункционална. ЕУ практика (AC-Treuhand, Beef Industry) е јасна: кога неколку големи учесници се договорат за бојкот, конкуренцијата е елиминирана „во значителен обем“ дури и ако договорот не ги опфаќа сите учесници на пазарот.

Конечно, имајќи го во предвид претходното, како и европската судска пракса КОП утврди дека однесувањето на учесниците во забранетиот договор е по своја цел ограничување на конкуренцијата (by object), и истиот не може да биде изземен бидејќи не ги исполнува четирите кумулативни услови и истиот претставува Collective boycott (колективен бојкот) и buyer cartels (забранет договор и/или усогласено однесување-картел помеѓу претпријатија кој се однесува на нивната активност на набавка на стоки) се класични „by object“ ограничувања (ограничувања кои имаат за цел ограничување на конкуренцијата).

КОП ги анализираше критериумите за изземање утврдени во член 7 став (3) од ЗЗК и во однос на наводите на останатите учесници, но констатира дека кај ниту еден не се исполнуваат кумулативните услови за исклучување од забраната.

Понатаму, КОП го ценеше писменото произнесување на конечното известување доставено од страна на Тинекс-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, преку полномошник адвокат Д-р.Валентин Пепељугоски, но, истото не доведе до поинаква фактичка состојба од утврдената со ова решение. Имено, наводот на ТИНЕКС дека КОП не го дефинирал релевантниот пазар е неоснован. Во конкретниот предмет одредувањето на релевантен пазар не е правно потребно, затоа што се работи за усогласено однесување кое е забрането „по своја цел“ (by object) согласно член 7 став (1) од ЗЗК. Ако однесувањето е по природа способно да ја ограничи конкуренцијата, не е нужно да се утврдува релевантниот пазар, ниту пазарната моќ на странките. Дефинирањето на релевантниот пазар е потребно само ако се врши анализа на ефекти, се определува пазарна моќ или се разгледува изземањето согласно член 7 став (3) од ЗЗК. Гледано низ праксата на Европската комисија за хоризонтални договори (2004/C 101/08 – Guidelines on the applicability of Article 81(1) EC) јасно се истакнува дека: *„Кај одредени хоризонтални ограничувања кои по природа го попречуваат конкурирањето, не е неопходно да се врши анализа на пазарната моќ или дефинирање на релевантен пазар.“*. Дури и да се дефинира пазарот исходот би бил идентичен. КАМ, ТИНЕКС, ВЕРОПОЛУС И РЕПТИЛ се меѓу најголемите трговски синџири со значајни удели. Координирано делување на трговци со такво влијание **секогаш би било штетно**, независно од тоа дали пазарот е дефиниран како малопродажба на прехрамбени производи, супермаркети/дисконти итн.

Наводите на ТИНЕКС-МТ дека Комисијата била должна да закаже усна расправа согласно член 44 од Законот за заштита на конкуренцијата (ЗЗК) се неосновани и произволно толкувани. КОП утврди дека во конкретниот предмет не постои законска обврска за

задолжително одржување јавна расправа. Член 44 од ЗЗК дефинира дека КОП може да одржи јавна расправа, а не дека е должна: *(1) „Комисијата за одлучување по прекршок ќе определи одржување на усна расправа ако тоа е потребно за утврдување на фактичката состојба.“* Ова значи дека јавната расправа е дискреционо право, а не обврска. КОП одлучува дали е потребна расправа врз основа на природата на делото, доказите што се прибрани, степенот на јасност на релевантните факти итн.. Во конкретниот случај кадешто има јасни писмени докази (како што се електронска комуникација, изјави дадени на записници, соопштенија и утврдена координација во здружение), расправа не била потребна, што е во согласност со член 44 од ЗЗК.

Постапката спроведена од страна на КОП ги содржела сите гаранции за доследно почитување на правото на одбрана. Тинекс не може да тврди дека му било ускратено некое процесно право, бидејќи им бил доставен заклучок за поведување прекршочна постапка, им било доставено прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба, им било доставено конечно известување за утврдена фактичка состојба, им било овозможено произнесување по сите факти, имале можност да достават докази, податоци, мислења и објаснувања, им било овозможено увид во документација итн. Правото на учество во постапката и на одбрана е целосно обезбедено. Членот 44 од ЗЗК на кој се повикува Тинекс не е единствен механизам за остварување на ова право.

Наводот на ТИНЕКС дека одговорност може да се утврди единствено кај ССКМ, затоа што здружението го организирало состанокот, е правно неоснован и целосно спротивен на европската и домашната конкуренциска пракса. ТИНЕКС се повикува на предметот Belgian Architects, но тој случај е фактички и правно неприменлив. Предметот Belgian Architects се однесувал на тарифа за минимални услуги пропишана од професионална комора, која има карактер на регулатор, а не на пазарен учесник. Тоа е сосема поинаква ситуација од оваа. Клучни разлики во Belgian Architects се дека постои регулаторен акт донесен од законска/професионална комора, претпријатијата не донеле заедничка одлука, мерката била од самата Комора наметната, додека во конкретниот случај станува збор за доброволно, свесно учество на трговци во незаконска координација, ССКМ нема регулаторна функција, предложените мерки не се правно задолжителни, ТИНЕКС можел, но не се дистанцирал. Европскио суд јасно вели дека Belgian Architects е применлив само кај мерки на професионални тела кои имаат јавни овластувања и сами ја регулираат професијата. ССКМ по статут не е комора со јавни овластувања, туку приватно здружение. Затоа Belgian Architects не може да се повика како основ за исклучување на одговорност.

Тврдењето на ТИНЕКС дека предметот AOK Bundesverband ја поддржува нивната теза дека „конкурентни друштва кои се членови на здружение не можат да настапуваат заеднички“ е правно неточно и се заснова на погрешно толкување на пресудата. КОП правилно не го применил случајот AOK, затоа што тој нема никаква врска со хоризонтални договори меѓу конкуренти или со колективни бојкоти. Во AOK Bundesverband, Судот разгледуваше две прашања: 1. дали здруженија на здравствени осигуреници кои спроведуваат законски уредена шема на рефундации вршат економска дејност и 2. дали таквите тела претставуваат „претпријатие“ во смисла на член 101 ДФЕС. Пресудата AOK се однесува на јавни здравствени фондови со обврска утврдена по закон, кои немаат слобода на делување на пазарот и кои не конкурираат за потрошувачи и тоа е сосема различна ситуација од нашата кадешто се работи за приватни трговски синџири, кои слободно настапуваат на пазарот, кои конкурираат со цени и кои доброволно се договараат да не прифаќаат ценовници. Занчи, и овој случај е неприменлив.

Тврдењето на ТИНЕКС дека во конкретниот случај не се исполнети трите услови од пресудите Т-204/08 Team Relocations и Т-99/04 AC-Treuhand е неосновано. Напротив, Европската пракса што ја цитира ТИНЕКС ја потврдува токму спротивната позиција, дека сите услови се целосно исполнети, а во конкретниот случај дури и надминати, бидејќи се работи за ограничување по цел („by object“), кај кое не се бара докажување на ефекти, а многу од условите се претпоставуваат. Имено, условот „постоење заеднички план“, во случајот е целосно исполнет од страна на Тинекс (ТИНЕКС присуствувал на состанокот на 05.02.2025; било предложено усогласено неприфаќање на нови ценовници; никој (вклучително и ТИНЕКС) не се спротивставил; ССКМ подоцна пратил соопштение во име на сите; ТИНЕКС не го демантирал соопштението и ТИНЕКС се однесувал на пазарот согласно договорената позица. Тоа е класичен „заеднички план“. Вториот услов „намерно учество“, е целосно исполент. Во европската пракса, намерното учество не значи формално потпишување или давање глас. Во случајот Aalborg Portland и Huls, Судот утврди дека присуство на состанок со незаконска агенда и недистанцирање преставува „намерно учество“, дури и пасивното присуство е доволно. Во конкретниот случај ТИНЕКС бил свесно поканет, отишол на состанок кој имал антиконкурентна цел, ја слушнал содржината, не се спротивставил и дозволил да биде претставен со заеднички став во објавеното соопштение. И третиот услов „свесност за однесувањето на другите учесници“ што го наведува Тинекс е целосно исполнет. Имено, ТИНЕКС бил присутен кога конкурентите го прифатиле планот за неприфаќање ценовници; добил соопштение од ССКМ кое екплицитно наведувало заеднички став; не го демантирал соопштението; подоцна се однесувал идентично со КАМ, Веро и Рептил. Значи, пресудите Team Relocations и Treuhand всушност **ја поддржуваат одговорноста на ТИНЕКС**.

Понатаму, наводите на ТИНЕКС дека КОП требало да го примени случајот A. Ahlstrom Osakeyhtio (Wood Pulp) се правно погрешни и извадени од контекст. Wood Pulp е неприменлив на конкретниот предмет, бидејќи истиот се однесувал на паралелно однесување без контакт меѓу конкуренти, соопштенијата биле јавни, индивидуални, врз основа на независни комерцијални одлуки, при што немало состанок, немало договор, немало здружение, немало координација, а Европскиот суд утврдил дека не постојат докази за хоризонтална комуникација. Во нашиот случај КОП го утврди спротивното: има состанок, има договор, има усогласен став, има писмено заедничко соопштение, има последователно усогласено пазарно однесување, има посредување од здружение и има размена на чувствителни информации.

КОП, исто така, го ценеше писменото произнесување на конечното известување доставено од страна на Рептил ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, преку полномошник адвокат Александар Петковски, но истото не доведе до поинаква фактичка состојба од таа утврдена со ова решение.

Тврдењето на Рептил дека состанокот бил „неформален“ и дека немало официјална покана е правно неосновано, бидејќи во праксата на ЕУ формата на состанокот и видот на поканата се целосно ирелевантни, како што објаснивме претходно. Доволно е присуството на состанок со антиконкурентна агенда и недистанцирање од неговата содржина, што Рептил не го сторил. Тврдењето дека „немало договор“ е спротивно на утврдените факти од страна на КОП, односно постоел јасен заеднички став за неприфаќање на нови ценовници, потврден со заедничко соопштение од ССКМ. Дополнително, тврдењето дека Рептил делувал „во интерес на потрошувачите“ не претставува оправдување за хоризонтален

договор, согласно праксата на ЕУ бидејќи таквите договори се забранети „по цел“ и се незаконски независно од декларираната цел.
Понатаму, КОП го ценеше писменото произнесување на конечното известување доставено од страна на Веропулос ДООЕЛ Скопје, преку полномошник адвокат Ерол Хасан, но истото не доведе до поинаква фактичка состојба од таа утврдена со ова решение.
Имено, наводите на Веро во нивното произнесување дека тие не одбиле ниту еден ценовник се правно нерелевантни, бидејќи за постоење на забранет договор согласно член 7 став (1) од Законот, како и согласно праксата на ЕУ преточена во нашиот закон и насоките за примена на член 7 став (1), не е потребно фактичко спроведување на договорот, туку е доволно присуство на состанок со антиконкурентна содржина и недистанцирање од него. Веро присуствувал на состанокот и не се оградил од усогласениот став, ниту од заедничкото соопштение на ССКМ, со што ја презел одговорноста за учество во усогласено однесување.
Понатаму, Веро во своето произнесување наведува дека не постои ниту почеток на некоја забранета активност за сторен прекршок ниту траење на некое забрането дејствие. Ваквото тврдење е неосновано, затоа што *не е потребно формално „дејствие“* за да се утврди забранет договор. Доволен е само акт на координација, особено ако постои состанок на конкуренти со конкретна цел, а тоа е ограничување на конкуренцијата. Одржувањето состанок на конкуренти на кој се дискутира за неприфаќање ценовници е „by object“ ограничување.
Веро наведува дека во периодот кој претходел, но и во периодот опфатен со прекршокот па се до добивање на заклучокот примал и одобрувал ценовници на добавувачи за промена на цени. Ова не го поништува прекршокот. Фактот дека правното лице понекогаш прифаќало ценовници не ја елиминира координацијата. Доволен е еднаш да се договори ограничување, дури и ако било краткотрајно.
Понатаму, Веро истакнува дека КОП не образложил на кој начин е спречена конкуренцијата, не е утврдено и не е образложено на кој начин се одвивала соработката меѓу претпријатијата, дали едно соопштение кое не е одобрено од наводниот учесник во забранетото дејствие може да преставува „соработка и учество во картел“. КОП при утврдување на фактичката состојба јасно и прецизно констатира дека самата координација за неприфаќање ценовници е „by object“ ограничување и тоа не бара доказ за ефекти. „Соработката“ не мора да биде преточена во формален документ, доволен е: состанок, размена на информации, заеднички став и координирани последователни дејствија. Дополнително, соработката постои и ако е: неформална, усмена, преку ставови, преку следствени активности.
Тврдењето на Веро дека од одржаниот состанок нема никаква формална/неформална одлука/записник за објавување на соопштението со содржина која е предмет на интерес на Комисијата и дека од ССКМ до Веро не го доставил текстот на спорното соопштение за јавност во никаква форма, не е релевантно во докажувањето на забранетото однесување „by object“ ограничување. Европскиот суд во една своите пресуди констатирал „картелите ретко оставаат писмени траги“ (*JFE Engineering*, T-67/00). Картелите најчесто се усогласуваат преку усни договори. Во тој контекст недоставување соопштение не ја елиминира координацијата. Доволно е присутност на состанок, договорен став, последователно усогласено однесување. **<u>Нема записник затоа што дејствието е забрането, а не затоа што не постоело.</u>**
КОП, исто така, го ценеше писменото произнесувањето и дополнителното изјаснување на конечното известување доставено од страна на ССКМ, преку полномошник адвокат

Димитар Панчевски, но истите не доведуваат до поинаква фактичка состојба од таа утврдена со ова решение.
Имено, ССКМ смета дека КОП морала во предвид да ги има доставените докази со кои се прикажуваат претходно случените настани кои што преставуваат чин на иницијално нарушување на конкуренцијата и воопшто на пазарот во државата, а тоа е бојкот на маркетите. Ваквата констатација не е релевантна. Дури и да има бојкот тоа никогаш не овозможува конкуренти да се состануваат и да усогласуваат цени или политики кон добавувачи, ниту пак е дозволено претпријатија да преземат „саморегулација“, односно да се ставаат во улога на регулатори и да преземаат мерки со кои го ограничува конкурентскиот процес.
ССКМ тврди дека целта на состанокот била изготвената анализа за тоа колкави се маржите и профитите на супермаркетите, а колкави се на добавувачите и кој го диктира ценовниот пазар, па целта на состанокот била целосно општествено одговорна, односно да се дискутира во врска со изготвената анализа од страна на ССКМ. КОП во постапката констатираше дека една од темите на разговорите била анализа на маржите и профитите на маркетите, но исто така, недвосмислено утврди, од обезбедената електронска комуникација, дека главната цел на состанокот била координација околу неприфаќање ценовници.
Понатаму, ССКМ смета дека прибавената електронска комуникација не е никаква потврда/доказ за тоа дека на овој состанок било усогласено делувањето помеѓу присутните. Токму спротивното, од ова тврдење, го утврди КОП. Имено, електронската комуникација е директна потврда за свесно разменети информации, особено кога учесниците споменуваат неприфаќање ценовници, комуникацијата е непосредно по состанокот и содржината на мејловите кореспондира со изјавите и постапките. Врз основа на праксата на Европскиот суд дури и еднострана комуникација може да биде доказ за усогласување, потребно е само да се покаже дека учесникот прифатил или знаел за размената.
Конечно, ССКМ истакнува дека апсурдно е да се тврди дека преставниците на четирите супермаркети го искоординирале и усогласиле своето однесување на состанокот, иако секој од нив индивидуално и пред состанокот веќе имале испратено известување до своите добавувачи за неприфаќање на нови ценовници. Ова е класична „картелска аргументација“ која е неприфатлива во европската пракса. Европската комисија утврдува дека: индивидуално претходно однесување не ја исклучува координацијата, напротив, координацијата често се врши за: да се потврди заеднички став, да се обезбеди дека секој ќе продолжи да го следи усогласениот курс и да се усогласи однесување на подолг рок.
Во однос на изречената глоба КОП во предвид го имаше член 59 став (1) точка 1) од ЗЗК, во кој е дефинирано дека на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му се изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка, ако склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување.
Согласно член 64 став (1) од ЗЗК при одмерување на глобата КОП во предвид ги зема: тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани со прекршокот.

Согласно член 64 став (2) од ЗЗК КОП, при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности.

Согласно член 64 став (3) од ЗЗК основниот износ на глобата по правило изнесува најмногу до 30% од приходот на сторителот на прекршокот остварен од дејноста која се врши на релевантниот пазар на кој е сторен прекршокот во последната целосна деловна година во која сторителот на прекршокот учествувал во истиот. Вака определениот износ се множи со бројот на годините во кои траел прекршокот.

Прекршокот траел во периодот од 05.02.2025 година до 19.02.2025 година.

Согласно горенаведените законски одредби при определување на износот на глобата која му се изрекува на КАМ ДОО, КОП тргнува од висината на вкупните приходи кои КАМ ДОО ги остварил од трговија на мало во неспецијализирани продавници (претежно со храна, пијалаци, производи за лична хигиена, производи за хигиена во домаќинството и сл.) на територијата на Република Северна Македонија во периодот од 05.02.2025 година до 19.02.2025 година, а кои изнесуваат XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во износ од 3.075.000 денари.

Вкупно остварените приходи на КАМ ДОО во 2024 година, како последна деловна година за која КАМ ДОО има составена годишна сметка изнесуваат XXX денари.

Пресметаната глоба од 3.075.000 денари претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на КАМ ДОО остварен во 2024 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

Согласно горенаведените законски одредби при определување на износот на глобата која му се изрекува на ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ, КОП тргнува од висината на вкупните приходи кои ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ ги остварил од трговија на мало во неспецијализирани продавници (претежно со храна, пијалаци, производи за лична хигиена, производи за хигиена во домаќинството и сл.) на територијата на Република Северна Македонија во периодот од 05.02.2025 година до 19.02.2025 година, а кои изнесуваат XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во износ од 3.075.000 денари.

Вкупно остварените приходи на ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ во 2024 година, како последна деловна година за која ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ има составена годишна сметка изнесуваат XXX денари.

Пресметаната глоба од 3.075.000 денари претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ остварен во 2024 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

Согласно горенаведените законски одредби при определување на износот на глобата која му се изрекува на ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ, КОП тргнува од висината на вкупните приходи

кои ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ ги остварил од трговија на мало во неспецијализирани продавници (претежно со храна, пијалаци, производи за лична хигиена, производи за хигиена во домаќинството и сл.) на територијата на Република Северна Македонија во периодот од 05.02.2025 година до 19.02.2025 година, а кои изнесуваат XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во износ од 3.075.000 денари.

Вкупно остварените приходи на ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ во 2024 година, како последна деловна година за која ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ има составена годишна сметка изнесуваат XXX денари.

Пресметаната глоба од 3.075.000 денари претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ остварен во 2024 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

Согласно горенаведените законски одредби при определување на износот на глобата која му се изрекува на РЕПТИЛ ДООЕЛ, КОП тргнува од висината на вкупните приходи кои РЕПТИЛ ДООЕЛ ги остварил од трговија на мало во неспецијализирани продавници (претежно со храна, пијалаци, производи за лична хигиена, производи за хигиена во домаќинството и сл.) на територијата на Република Северна Македонија во периодот од 05.02.2025 година до 19.02.2025 година, а кои изнесуваат XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во износ од 3.075.000 денари.

Вкупно остварените приходи на РЕПТИЛ ДООЕЛ во 2024 година, како последна деловна година за која РЕПТИЛ ДООЕЛ има составена годишна сметка изнесуваат XXX денари.

Пресметаната глоба од 3.075.000 денари претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на РЕПТИЛ ДООЕЛ остварен во 2024 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

Согласно горенаведените законски одредби при определување на износот на глобата која му се изрекува на ССКМ, КОП тргнува од висината на вкупните приходи кои ССКМ кои ССКМ во 2024 година, како последна деловна година за која истиот има составена годишна сметка, а кои приходи изнесуваат XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во износ од 1.143.000 денари.

Пресметаната глоба од 1.143.000 денари претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на ССКМ остварен во 2024 година како последна деловна година, за која истиот има составена годишна сметка.

Врз основа на ваквата фактичка состојба, КОП утврди дека износот на глобата која му се изрекува на КАМ ДОО за сторен прекршок на член 59 став 1) точка 1) од ЗЗК изнесува 3.075.000 денари, износот на глобата кој му се изрекува на ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ за сторен

прекршок на член 59 став 1) точка 1) од ЗЗК изнесува 3.075.000 денари. износот на глобата која му се изрекува на ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ за сторен прекршок на член 59 став 1) точка 1) од ЗЗК изнесува 3.075.000 денари, износот на глобата која му се изрекува на РЕПТИЛ ДООЕЛ за сторен прекршок на член 59 став 1) точка 1) од ЗЗК изнесува 3.075.000 денари додека износот на глобата која му се изрекува на ССКМ за сторен прекршок на член 59 став 1) точка 1) од ЗЗК изнесува 1.143.000 денари.
Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р. Борче Размоски**